24086

Скопје, Нова Македонија, 7-IV-78, 11209 / стр. 10

ПОДГОТОВКИ ЗА ПРИЛЕПСКОТО УМЕТНИЧКО ЛЕТО 78

# И УМЕТНИЦИ ОД ДЕВЕТ НЕВРЗАНИ ЗЕМЈИ

## ВЕЌЕ ВО МАЈ ПОЧНУВААТ ПРВИТЕ УМЕТНИЧКИ СРЕДБИ

Подготовките за традиционалното Прилепско уметничко лето — 78 се одамна започнати, и тие се приведуваат при крај, зошто веќе во мај во Прилеп пристигнуваат првите од скоро 70 уметници, колку што се поканети да учествуваат во оваа голема и значајна манифестација. Според информацијата што ја добивме од директорот на Народниот музеј, Бошко Бабиќ, годинава Прилепското уметничко лето ќе се одвива во знак на годината на културата во Прилеп. За таа цел е направена и првата предлог-програма што наскоро треба да ја усвојат делегатите на новото Собрание на СИЗ за култура, а која, покрај другото, предвидува и учество на поголем број прилепски сликари и вајари на традиционалните манифестации, Сликарската колонија и Мермерскиот симпозиум.

— Оваа година за прв пат, ни рече Бабиќ, Одборот за организација на традиционалното Прилепско уметничко лето — 78, направи посериозен обид, на неколкуте значајни меѓународни манифестации да учествуваат и уметници од неврзаните земји. Испратени се покани за учество на сликари и вајари од Индија, Кореја, Мексико, Алжир, Сенегал, Сирија, Египет, Куба и Шри Ланка.

Како што дознаваме, оваа година Народниот музеј со помош на организациите на здружениот труд и општествено-политичките организации, продолжува со остварувањето на дамнешната идеја за изградба на уметничкиот град, во подножјето на Марковите Кули. Изградбата на овој необичен град, всушност, е веќе почната. Првите контури се поставени, а оваа година ќе бидат поставени и темелите на таканаречените „праисториски“ живеалишта, во кои во иднина ќе отседнуваат уметниците, гости на традиционалното прилепско уметничко лето. Во оваа акција, луѓето од музејот предвидуваат да бидат инвестирани близу 5 милиони динари.

Инаку, на овогодишното уметничко лето — 78, први ќе почнат работа учесниците во студиото за витраж, а потоа вајарите од симпозиумот „Мермер-78“ и Интернационалното студио за пластика во дрво. На крајот прилепското уметничко лето завршува со Сликарската колонија, некаде кон крајот на август и почетокот на септември.

— Годинава, исто така, предвидуваме да бидат организирани и повеќе изложби на дела и слики што се остварени во досегашната работа на прилепското уметничко лето, ни рече директорот на Народниот музеј Бошко Бабиќ. Овие изложби ќе бидат посветени на одбележувањето на 75-годишнината од Илинденското востание.

Т. Локвенец